СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 ноември 1994 година

Скопје, ноември Е1994 година

**ДИСКУТАНТИ НА III-СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 24.XI.1994 г.**

1. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ -1 7
2. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 10 дневен ред на стр.2
3. МИНОВ ПАНЧЕ - 2
4. ОСМАНИ РУФИ - 4, 5, 6, 7, 24
5. РАМАДАНИ ХИСЕН - 22, 23
6. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 8
7. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 14, 26
8. ХАСИПИ КЕНАН - 12

крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 ноември 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господа пратеници, ја отворам Третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игнат Богдановски, Јаким Ивановски и Драган Митевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот и секретарот на Републичката (Државна) изборна комисија.

За седницата го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандатите на пратеници во Собранието на Република Македонија;

2. Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;

3. Предлози на одлуки за изменување и дополнување на Одлуката за образување на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија и за изменување на Одлуката за основање Комисија за одбележуваше годишнини на значајни настани и личности

4. Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;

5. Избор на претседатели и членови на комисии на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

(107 пратеници).

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **првата точка** од дневниот ред - Верификација на мандатите на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Извештајот на Верификационата комисија ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Верификационата комисија.

Има збор претседателот на Верификационата комисија.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Верификационата комисија на денешната седница го разгледа дополнувањето на Извештајот за спроведените избори за пратеници кои се одржаа на 22 ноември 1994 година и на Собранието му предлага Извештај со следните заклучоци:

1. Изборите на пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 13 ноември 1994 година во изборните единици број 74 –

Тетово, 90 - Гази Баба и изборна единица 109 - Кисела Вода се спроведени во согласност со Законот и во согласност со Решението на претседателот на Собранието на Република Македонија за спроведување на избори на пратеници.

2. Со спроведувањето на изборите во гореспоменатите изборни единици раководеле изборни комисии на односните изборни единици под непосредна грижа на Републичката (Државна) изборна комисија.

3. Верификационата комисија констатира дека во изборната единица 74 - Тетово за пратеник е избран Абдуљади Вејсели, во изборната единица 90 - Гази Баба за пратеник е избран Блаже Филиповски и во изборната единица 109 - Кисела Вода за пратеник е избран Назми Малиќи.

По однос на оваа констатација на Верификационата комисија издвоено мислење изрази членот на Верификационата комисија Мевљан Таири, оспорувајќи ја законитоста на изборот на пратеникот во изборната единица 90-Гази Баба за неправилности пред изборите и за време на изборите кои, или искажани од самиот кандидат за пратеник од ПДП во неговиот приговор до Изборната комисија на односната изборна единица и жалбата до Врховниот суд.

Верификационата комисија со должно внимание ги разгледа наодите изнесени од членот на Верификационата комисија Таири и врз база на разгледување на тие наоди и одредените одговори и против аргументи од претставниците на Републичката (Државна) изборна комисија, предлогот на членот на Верификационата комисија Таири да не се верификува мандатот на Блаже Филиповски во изборна единица 90 - Гази Баба, не го прифати.

Верификационата комисија на Собранието му предлага да изврши верификација на мандатите на пратениците Абдуљади Вејсели, Блаже Филиповски и Назми Малиќи.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор Руфи Османи, независен кандидат.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас сум Руфи Османи, независен пратеник формално од изборната единица број 17.

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Оваа седница на Парламентот денеска ќе треба да ги потврди мандатите на четирите нови пратеници што намерно ќе биде една лесна техничка процедура без многу емоции, па и размислувања. Се би било во ред со оваа денешна верификација на мандатите ако оваа процедура не би се доимала како и претходната на помош на оние кандидати кои изгубија со нечија невидлива и железна волја за да губат.

Кандидатот за пратеник во изборната единица број 74 господин Мендух Тачи денеска ќе се прогласи дека изгубил и тоа е суштината на проблемот. Тој требаше да изгуби. Најголемиот успех на неговиот противкандидат е што Мендух Тачи изгуби, а не што тој победи. Тој со неговата победа нема што да прави, бидејќи не е негова, туку на режисерите што имаат цврста волја да го оневозможат залетот на Тачи, а со тоа еден нов квалитет во политиката на Албанците во Македонија.

Впрочем, во овие избори се оневозможи воопшто новиот квалитет. Она што не се совпаѓаше со концептите на креаторите на политиката на

транзиција во Република Македонија. Тачи е една од бруталната варијанта на манипулација. Против него беше кренат целиот ешалон на бирократи, сиви бизнисмени, пискарала, пропали политичари, уличари и што не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали имате приговор на регистрацијата, тоа наведете го.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Да, да, токму во нашите состави, господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку, не се продолжува предизборната кампања. Изборите се завршени. Овде треба само да кажете за приговорите за верификација.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само да завршам господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Но, не можете да завршите со предизборен говор. Завршија изборите.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Приговорот е во суштината на ова. Приговорот се состои во тоа дека триста граѓани во изборната единица број 74 нема право на глас. Зошто е тоа така? Во третиот изборен круг тие гласаа претходно т.е. беа одземени од избирачките списоци за да гласаат во изборната единица број 73 иако беа во 74. Од тие причини тие не го остварија нивното

уставно загарантирано право за да гласаат. Тука е нашата поента, а јас само би завршил со следното

Нека служи на чест на сите тие што ги режираа изборите во оваа изборна единица и во многу други изборни единици. Со тоа се докажа дека комунистите независно....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пак навлегувате

**РУФИ ОСМАНИ:**

Завршувам господине претседателе, стрпете се малку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие зборувајте, но сега е на дневен ред верификација на мандат.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Оспоруваме верификација на мандат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дајте ги вашите правни аргументи за таа работа. Инаку, сега вие зборувате за кампањата каква била.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само би ве молел господине претседателе да не ме прекинувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па зошто седам јас овде, ве молам, треба на сите да ви јасно кога не зборувате за тоа што не е на дневен ред јас морам да ве прекинувам. Затоа има претседател на Собранието. Сега повелете.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Толеранцијата е најголемото битие и најголемата врлина на демократичноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ви укажам, ве молам, толеранцијата предвидела говори и надвор од оваа сала. Каде сакате можете да се јавите. Толеранцијата е овде во рамките на она што е утврдено со Деловникот. Не може надвор од тоа.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Сигурно, сигурно тоа го знаеме убаво, го имаме прочитано иако тој Деловник е од памтивека.

Завршувам со следното. Нашата основна забелешка е во тоа дека во оваа изборна единица не го оствария правото на глас 300 граѓани на Република Македонија, со сите тие работи кои стоеја зад сета оваа махинација. Пошто господинот претседател нема трпение да ме сослуша до крај, завршувам со ова и ние сметаме во име на четири независни формално пратеници дека верификацијата на овој пратеник во 74-та изборна единица е незаснована на закон имајќи предвид многуте аномалии кои се случија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие можете да изложите се што не е засновано на закон и за што имате доказ. За тоа имаме трпение, можете да зборувате колку што сакате. Јас само ви укажувам оти овде не можат да се држат политички говори кои се наменети на избирачите. Ова е Собрание. По оваа точка е тоа. Верификација на мандати.

Дали уште некој бара збор?

I/8.-

Има збор господинот Томислав Стојановски, пратеник од Демократската партија на Македонија од Тетово.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа, колеги и пријатели ќе ви се обратам затоа што како такви ве сметам, не избра народот за да работиме во негов интерес и во интерес на оваа држава.

Повикан сум да дадам надополнување на претходниот колега кој дискутираше со извесни корекции. Во основа забелешката држи, меѓутоа, почитуваниот господин Руфи Османи требаше да каже некои детали за да не се создаде една заблуда дека таму било нешто поинаку. Во основа, кандидатот кој ги доби изборите ги доби со подмитување, со пари, не со вклучување, како што тој назначи, ешалон на луѓе и друго, за тоа се информирани и писмено и усно органите кои се задолжени да спречат мито, корупција и слични незаконски дејствија. И Демократската партија на Македонија реагираше во оваа изборна единица 74 каде што кандидатот на оваа партија и на Демократската партија на Македонија изгубија со тесен број на гласови и сметам дека Руфи Османи потполно ќе беше во право да ја кажеше истината дека парите го одлучија победникот, а не некоја невидлива, цврста или друга политика. Благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали уште некој бара збор и потрудете се кога наведувате некои докази, да имате аргументи за тоа.

Молам, дали уште некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање извештајот и предлогот на Верификационата комисија.

Кој е за извештајот и предлогот, молам да крене рака? 103 пратеници гласа за.

Дали е некој против? (8 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеника).

Констатирам дека извештајот и предлогот на Верификационата комисија се усвоени и дека со тао е извршена верификација на мандатите на пратениците Абдуљади Вејсели, Блаже Филиповски и Назми Малиќи.

Минуваме на **втората точка** од дневниот ред - Предлог за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Согласно одредбите на Привремениот деловник на Собранието, бројот на потпретседателите го утврдува Собранието по предлог од претседателот на Собранието.

Со оглед на надлежностите и задачите на Собранието утврдени со Уставот на Република Македонија, предлагам Собранието да има тројца потпретседатели.

Отворам претрес по предлогот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот да се изберат три потпретседатели на Собранието, молам да крене рака? (109).

109 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (4).

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека Собранието утврди да се изберат тројца потпретседатели, односно да има три потпретседатели.

Минуваме на **третата точка** од дневниот ред - Предлози на одлуки за изменување и дополнување на Одлуката за образување на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија и за изменување на Одлуката за основање Комисија за одбележување годишнини на значајни настани и личности.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за изменување дополнување на Одлуката за образување на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Во името на предлагачите на овие одлуки сакам да истакнам дека Предлог - одлуките се во функција на поефикасно и поуспешно работење на Парламентот иако морам да истакнам дека тие претставуваат едновремено премостување и дооформување на одлука која би била донесување од страна на Парламентот до целосно регулирање на работните тела во основа на содржината во која би биле содржани новите уставни определби на Парламентот.

Мислам дека таа одлука би требало да ја донесеме во најскоро време во постапка заедно со донесување на новиот деловник.

I/11.-

Во основа предложените одлуки се состојат во тоа што во досегашните работни тела постоеја и надворешни членови, а со овие одлуки тие надворешни членови се укинуваат, а тоа е пред се во функција дека носители на законодавната власт се претставниците избрани од граѓаните и во таа функција носители на законодавната власт ќе бидат пратениците кои се избрани на непосредни избори.

Другиот дел кој се предлага во предложените одлуки е во функција на укинувањето на надворешните членови и задржување на тој број од постојаните членови, односно од пратениците додека во одреден број на работни тела се зголемува бројот во функција на надлежностите и моментот во кој се наоѓа нашата држава.

Затоа во името на предлагачите, а со цел за поуспешно и поефикасно работење во овој период на Парламентот, ве молам предложените одлуки да бидат прифатени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ќенан Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, веќе еве од претседателот сум претставен, јас сум од Демократската партија на Турците ПДА - Исламски пат.

По основ на оваа точка сакам да кажам неколку реченици. Ќе бидам краток, во интерес на експедитивноста на седницата.

Имено, на сите ни е јасно каков е процентуалниот состав на Парламентот. На сите ни е кристално јасно дека треба да користиме искуства од минатото, на сите е кристално јасно дека треба да користиме искуства и од другите парламентарни држави со подолга парламентарна демократија, меѓутоа, барем за мене едно е јасно дека овде немало слух малку од страна на Сојузот кој е овде претставен во најголем број.

Да конкретизирам, вели: "Според Одлуката за образување постојани работни тела на Собранието на Република Македонија што Собранието ја донесе во јануари 1991 година", ќе се воздржите малку да го прочитам текстот "во работата на работните тела учествуваа и надворешни членови од редот на научните и стручни работници од соодветни области.

Меѓутоа практиката покажа дека и овие членови ги застапуваа интересите на политичките партии од кои што беа предлагани при нивниот избор, а многу мал беше придонесот во поглед на стручноста и подобрувањето на квалитетот на работата на работните тела".

Видете, сега што се случува, ова е одлука од јануари 1991 година, а Уставот на Република Македонија е од ноември 1991 г. Ова го

потенцирам поради наредниот текст: "Имајќи предвид дека законодавната власт според Уставот ја остваруваат само претставниците избрани од граѓаните, со предложената одлука се обезбедува доследно спроведување на Уставот". Дали ова алудира дека тогаш доследно не бил спроведуван Уставот? Во колку доследно не бил спроведуван Уставот, зошто опстојала таа одлука со состав на поранешниот Парламент? Дали, си поставувам прашање тоа го налагале односот на силите и дали оваа одлука сега се поставува овде на дневен ред пак поради односот на силите?

Ќе ви кажам зошто! Според нашите согледувања нема воопшто битно да измени во гласањето односно во прегласувањето во колку и партиите што се застапени со мал број пратеници во Парламентот имаат членови во овие работни тела. Нема опасност, прво, од прегласување.

Што е добивката? Добивката е со своите конструктивни предлози и решенија да придонесат да се донесат решенија или прочистени текстови што овде ќе дојдат на парламентарна процедура. Никој не оспорува дека носители на законодавната власт се парламентарците. Меѓутоа, никој не може да потврди овде дека одлуките на овие работни тела се дефинитивни. Тоа се само предлози што доаѓаат на собраниска процедура и за кои што гласаат 120 пратеници. Со никакво прејудицирање дека тие одлуки од тие комисии или работни тела треба да бидат прифатени.

Во тој однос, реков дека овде недостигал слух, не беше лошо барем во интерес на она дека сме за соживот и соработка да се уфрлеа и надворешни членови,а не дека тие ќе бидат повикувани само ако се појави потреба и без право на глас. Па, ве прашувам колеги пратеници,

кој ќе дојде само да биде повикан да си го изгуби времето и да не му се уважува гласот.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Изгледа ѓаволски ќе биде тешко ако во секоја одлука што е овде предложена пред Парламентот по секоја цена се бараат некои невидливи намери или некои скриени намери.

Мислам дека Предлог - одлуката е сосема јасна, јас зборувам бидејќи сум еден од предлагачите на таа одлука согласно Деловникот за работа на Собранието, и сосема е прецизна Одлуката. Погрешните заклучоци можат да се извлекуваат само во сферата на имагинацијата, а никако во рамките на она што сака да нормира таа одлука.

Самиот господин што претходно дискутираше пред мене извлече некои факти дека овој Парламент работи по новиот устав од ноември 1991 година, а претходно временски претходи Одлуката некаде за една цела година. И, дека Уставот во било која земја не се остварува со самиот чин на донесување, туку со текот низ времето неговата реализација.

При поделбата на власта на законодавна, извршна и судска со новиот устав и овластувањата што ги имаат овој Парламент, единствени легитимни претставници на граѓаните, да не повторувам, се пратениците што седат во овие клупи овде. Тие имаат единствено право на релевантни одлуки да донесуваат, согласно Уставот и законите.

При тоа Деловникот за работа на Собранието, постојниот, и привремениот, и веројатно со оглед дека се работи за една демократска институција што треба да се акцептира и во новиот деловник за работа на Собранието, треба да ги почитува и сослушува презентираните мислења од сите други интересни групи што се во новиот Парламент. Тоа,сегашната деловничка норматива го прави, а задолжително треба да го прави и новата деловничка норматива, во интерес на развој на демократските процеси во Република Македонија, во интерес на носење поквалифицирани одлуки на овој Парламент. А, мислам дека е тоа заеднички интерес на сите 120 пратеници, без разлика на политичката опција и припадност и без разлика на позицијата што ја заземаат во Парламентот, позициона или опозициона.

Мислам дека Предлогот на оваа одлука треба да се сфати како еден малку задоцнет чин на нормално воведување една процедура што требаше многу порано да се воведе. Регулацијата што при постојната е со легитимно учество на надворешни членови, нивно заземање на ставови во комисиите, прегласување, нагласување итн. е анахронизам на едно минато свршено време.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (104 пратеници)

Дали има некој против? (2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за образување на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на Комисија за одбележување на годишнини на значајни настани и личности.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (112 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Комисија за одбележување годишнини на значајни настани и личности.

Ја прекинувам седницата за да може Комисијата за прашања на изборите и именувањата да одржи седница на која ќе утврди предлози за избор на потпретседатели на Собранието и претседатели и членови на комисии на Собранието на Република Македонија.

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното.

(Паузата започна во 13,15 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,25 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 4** - Избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на кандидати за потпретседатели на Собранието на Република Македонија ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот на кандидати за потпретседатели на Собранието.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Почитувани пратеници, немам намера вака конкретно да оспорам некого од предложените кандидати, туку нешто ќе кажам генерално за некои принципи во врска со кадровската политика што се внесува и во меѓунационалниот аспект.

Мое мислење е дека ова прашање не е едноставно, површно прашање, туку се суштинско прашање и се однесува на тоа дека, бидејќи немаме дефинирана таква глобална политика, кадровска политика и морастихиски да решаваме некои прашања и тоа по мене значи игнорирање на некоја реалност, а таа реалност е меѓунационална и мултикултурна реалност. Друго е прашање колку не го почитуваме, во колкава мера итн.

Во сите држави, дури и недемократски не се игнорира во толкава мера преку сопствената реалност, затоа што автоматски тоа претпоставува дека во таквата држава, во таквото општество не може да се вградуваат стабилни односи, а тоа автоматски се рефлектира во сите

домени на животот, како во економијата, културата, образованието, социјалата итн.

Но, да не одам предалеку, во Социјалистичка Македонија се водеше, иако сосема формално, меѓутоа, мора да признаеме дека се водеше сметка за некоја кадровска политика. Ние знаеме убаво како изгледаше последното Собрание на Република Македонија односно тогашна Социјалистичка Република Македонија. Од трите клучни државни институции, односно претседателот на Републиката, претседателот на Собранието, претседателот на Влада во ваква и при ваква конструкција на власта, при ваква организација на власта не е можно, мора да признаеме, а тоа е реалност, да дојде некој од другите национални заедници.

Сега се нуди, и тоа врз партиска основа а не како одраз на меѓунационална структура на Македонија, место на потпретседател, односно едно место на потпретседател албанец. Сметаме дека од самиот факт што како такви кандидати се кандидираат повеќе лица, односно повеќе кандидати, тоа води кон тоа дека се настојува да се амортизира и релативизира и оваа функција за која е предложен албанец односно од страната на Партијата за демократски просперитет. Значи, некој може да биде само потпретседател, односно може да има само таква функција и тоа по можност само една третина од тоа својство. Ако е така, сосема неправилно би било да се иритираме кога се комуницира со меѓународните институции и се вели дека сепак некој се чувствува како граѓанин од втор ред. Јас мислам дека тоа веќе е евидентно, дури и во највисоките државни институции. Друго прашање е дали ние ќе го признаеме или не, меѓутоа, тоа е реалноста. Се додека имаме односи од втора класа, се додека имаме граѓани кои се чувствуваат како граѓани од втор ред, се додека имаме втордокласна

правна регулатива на севкупните односи, ние, мора да признаеме дека ќе имаме и држава од втор ред, и тоа пред меѓународната заедница веројатно ќе имаме како држава рејтинг како држава од втор односно трет ред.

Сигурен сум дека никој од нас не добил мандат, односно не добил доверба од гласачите за да им сервираме таква држава, односно држава од втор ред. Верувам дека сите граѓани кои гласале без оглед на национална и верска припадност првенствено мислења дека треба ние да им сервираме една модерна држава, дека треба да им сервираме една демократска држава, треба да им сервираме рамноправна држава и треба да им сервираме развиена држава во сите домени.

Мое мислење е дека мора од свеста да се исклучи тоа дека некој стално треба и мора да се води со втора класа. Важно е секој македонец да ја чувствува субјективно, духовно и материјално како сопствена држава, а тоа бара промени и кај нас како личности и во нашата свест и во нашите односи.

Ние сега сме на крстопат помеѓу балканизација и европеизација на севкупните односи. Од нас и како индивидуи односно индивидуално и колективно зависи на кој пат ќе тргнеме. Нашиот однос помеѓу евтиниот партиски личен маркетинг и соочувањето со објективното во Македонија претставува одговорност за определбата: балканизација или европеизација, односно Европа без граници или граници без Европа.

И, да завршам, сметаме дека имаме обврска во понатамошните кадровски прекројувања да го најдема балансот помеѓу партиското и националното затоа што тоа едноставно е реалност од која не треба да бегаме.

Благодарам.

II/9

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?( никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на Република Македонија Собранието избира потпретседатели со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Гласањето за избор на потпретседатели на Собранието се врши одделно за секој од предложените кандидати.

Преминуваме на гласаше

Кој е за предлогот пратеникот Тито Петковски да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија молам да крене рака? (105 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници)

Констатирам дека пратеникот Тито Петковски е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

(Аплауз)

Кој е за предлогот пратеникот Абдурахман Алити да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија, молам, да крене рака? (109 пратеници)

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека пратеникот Абдурахман Алити е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

(Аплауз)

Кој е за предлогот пратеникот Киро Поповски да биде избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија, молам да крене рака? (105 пратеници)

Констатирам дека пратеникот Киро Поповски е избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Ги повикувам избраните потпретседатели да дадат свечена изјава.

(Избраните потпретседатели станувaат подготвени да дадат свечена изјава воедно станува и претседателот на Собранието и станувaат сите присутни во салата).

Ве молам да станеме.

Ги молам избраните потпретседатели да ја прочитаат изјавата после мене:

(Избраните потпретседатели по претседателот ја читаат свечената изјава)

СВЕЧЕНА ИЗЈАВА

Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија."

Ги молам потпретседателите да ги потпишат изјавите.

(Потпретседателите ги потпишуваат изјавите во три примероци)

Ве молам да седнеме.

На потпретседателите на Собранието на Република Македонија во мое и Ваше име им го честитам изборот и им пожелувам успешна работа во вршењето на функцијата.

(Аплауз)

Минуваме на точката 5 Предлог на одлука за избор на претседатели и членови на комисии на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор има г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, господа пратеници.

Навистина се чувствувам малку и непријатно кога на првиот настап на трибинава ќе треба евентуално нешто да предложам што може би не се совпаѓа со самиот тек на денешната работа. Но, сепак сакам на сите нас, односно на сите пратеници да им го честитам изборот и пожелам успешна и плодна работа, а и на претседателот на Собранието и сега избраните потпретседатели исто така да им го честитам изборот Се надевам дека ова Собрание ќе биде поединствено, покреативно и ќе можеме поуспешно некои клучни работи да решаваме.

Второ, сакам да подвлечам дека изборот на работни тела на Собранието и нивниот состав е важен момент за компонирањето и насочувањето на нашата работа.

III/1.- ОМ/РД

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Нивниот состав е претпоставка за помал и поголем квалитет во нивната работа. Важно е тие како се распоредуваат, како по распоредот на членовите и по распоредот на претседавачите, како се компонираат, како би било можно законските и другите проекти на Владата да бидеме во можност на една поопстојна и поплуарна атмосфера ги расправаме во нашите комисии. Ние секако знаеме кои партии се со најмногу мандати. Меѓутоа, сепак е прашање дали навистина мора секојпат најмногубројните партии, не само да имаат најмногубројни комисии во нашиот состав, туку и да ги водат обавезно најважните, односно оние кои имаат пошироко општествено значење.

Друго, мислам дали е добро парцијално да ги решаваме овие прашања, бидејќи се работи за две работни тела, а ние решаваме денес за четири пет од нив, односно заедно со една што се подразбира и една што ја избравме. Зошто не смогнавме сили да го компонираме целиот состав на комисиите , нивниот состав и нивните раководители. Затоа предлагам по можност, и ова ми е сосема добро намерно, во име на добробит на нашата работа, предлагам прво да не се изберат ни претседателите, ни членовите на предложените комисии, туку да се изготви предлог за сите комисии, за вкупниот состав на целото Собрание, тоа е прво и второ, мислам дека ова е уште поважно заправо за пулуарната аргументирана работа низ комисиите, да се усвои работен заклучок денес на Собранието, по правило партиите кои што водат комисии да не можат да имаат во идната Влада ресори од истата сфера. Тоа би било добро за една поразгранета, аргументирана расправа во комисиите по предлог на Владата за законските и другите проекти.

Мислам дека тоа би било и во функција на доразвивањето на разгранатиот плурализам кај нас кој може да биде со оглед на нашиот состав и предмет на евентуална поширока критика. Молам, ова да се прими.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани пратеници верувам дека овој пат релацијата во однос на претседателот ќе биде на она рамниште на кое би требало да биде . Јас излегов на оваа говорница во мое име и во име на четирите формално независни пратеници да изразам еден јавен протест од причини што откако е констуирано Собранието, ние како формално независни пратеници припадници на политичка партија кои имаат мандат од народот, воопшто не сме консултирани, ниту во ниедно работно тело ниту во сите консултации кои претходат за одредени предлози, било за претседател на Собранието, било за оформување на работни тела и т.н. Јас мислам дека ова како практика не е во ред, имајќи предвид дека ние четири пратеници имаме мандат од народот, кои никој нема право да го оспорува, па макар и во фаза на предлагање. Инаку, ние сме свесни дека имајќи го предвид соодносот на силите по пратенички групи , знаеме однапред и какви ќе бидат резултатите од гласањето. Ова го истакнувам од една проста причина, бидејќи ако го анализираме член 5 од привремениот Деловник , тука многу јасно е кажано дека би требало да се консултираат освен политичките партии и други форми на организирање. Сега се поставува прашање на што се мисли кога сега во новиот амбиент , кога тие општествено политички организации не постојат како форми на организирање, јас мислам дека ако квалитативно

III/3.-

се интерпретира ова , мора да се консултираат и независните пратеници, не зависно дали се работи за нас четворицата, или за другите. Мислам дека е една аномалија која намерно ја испливам на површина за да се земе предвид и да се чуе и нашето мислење , било тоа интелектуално, професионално или од друг аспект.

Понатаму, мислам дека ова квалитативно интерпретирање на овој член 5 од Деловникот е применет при оформување на составот на Државната изборна комисија во која имаше надворешни членови и од независните пратеници. Додека сега во Парламентот оваа работа не се прави. Мислам дека ова е една од најбитните причини зошто ние да кажеме во гласањето за избор на одредени раководни лица во Парламентот, или за избор на комисиите, т.е. пред претседавачите на комисиите апсетимираме или сме воздржани, бидејќи никој нема право елементарното право на информирање за она што се случува во Парламентот да ни го одземе. Од сите овие работи што ги изнесувам целта ми е овој парламент и овој состав да го имаат предвид дека не треба само рационално да се работи со преголема брзина , бидејќи се случува некои пат и да се лизне во таа преголема рационалност. Јас мислам дека плуралноста треба да се сфати како размена на мислења, спорење на аргументи на она што навистина тежи и во таа смисла овој претрес што го изјавувам очекувам да се земе предвид и во понатамошните консултации и предлози да се консултираат и независните пратеници. Јас и во оваа прилика изјавувам дека сум еден од членовите во една комисија за финансирање и буџет, иако претходно апсолутноно сум консултиран и не сум знаел дека некој ме предложил. Од ова принципиелно становниште јас се повлекувам, т.е. не го прифаќам тој предлог, а понатаму го подржувам предлогот на независниот кандидат Хисен Рамадани денеска да не се оформат овие работни тела, туку во глобала на некоја наредна седница, консултирајќи

ги сите пратеници кои се во овој парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво во врска со последната дискусија на г-динот Руфи Османи и неговата изјава дека се повлекува од комисијата мислам дека треба да се почитува неговото мислење. Основно е дека волјата за учество во работните тела треба да преовладува и мислам дека некој треба да го подржи тој предлог и комисијата да се избере за евентуалното празно место да се избере друг член во комисијата.

Второто прашање во врска со двата предлога денеска да не се изберат комисиите , мислам дека тие предлози не држат од при- чини што постои полна согласност овие комисии да бидат денеска конституирани, со оглед дека не чека сериозна работа, а и до составот и предлозите на овие комисии е дојдено низ еден процес овие денови меѓу политичките групации во овој парламент и предлозите во смисла во пакет да одат сите 22 комисии ќе не доведе во ситуација на некој начин да ја стопираме работата за целосно конституирање на парламентот. Јас се надевам дека г-дине претседател деновиве ќе имаме прилика деновиве да завршиме целосно со конституцијата на работните тела,а овие работни тела секако приоритетни во врска со проблематиката која претстои на дневен ред по која треба под итно да се расправа во овој парламент во врска со уставните одредби и роковите кои течат во врска со конституирањето на новата Влада. Доколку овие комисии не се конституираат денес можеме да дојдеме во ситуација да ги пречекориме некои уставни рокови што се определени за формирање на нова Влада.

Јас уште еднаш апелирам до пратениците ваквиот предлог на комисиите од Комисијата за избор и именување, од овие причини што ги изнесовме да биде прифатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? 110 пратеници.

Дали е некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на претседатели и членови на комисии на Собранието на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен , ја заклучувам Третата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 15,50 часот).